УДК. 738.6.046(497.7)

Дејан ЃОРЃИЕВСКИ

ПРИЛОГ КОН ДАТИРАЊЕТО НА ВИНИЧКИТЕ ТЕРАКОТИ

Клучни зборови: *Винички теракоти, теракотни икони, Виничко Кале, доцна антика, доцноантичко вооружување, свети воини, иконографија, Бугари, Словени.*

Апстракт: *Иако се откриени пред повеќе од три децении, виничките теракоти се уште не се прецизно датирани, па се вклопени во широк временски период од IV–IX век. Преку анализа на иконографските карактеристики и хронолошки чувствителните елементи на нив, како и со аналогиите што ги даваат историските извори, времето на нивното создавање е најкоректно да го определиме во VI век, додека почетокот на VIII век би можел да биде периодот на нивното уништување.*

Поминаа три децении откако првите теракоти од Виничкото Кале беа откриени од страна на локалните жители[1]. Со ископувањата што започнаа во далечната 1985, и кои со прекини траат до денес, се покажа дека утврдувањето кај Виница ги крие можеби најенигматичните артефакти од балканското христијанство. Без вистински паралели со околните региони, теракотните релјефи што илустрираат сложени теми од христијанската догма, се уште претставуваат загатка што чека да биде разрешена. Кога се направени, која е нивната функција, зошто и кога биле фрлени како шут и зошто се јавуваат само на Калето, се прашања што се уште не се одговорени со сигурност.

Во врска со нивното датирање се изнесени различни препоставки, па според истражувачите, тие би можеле да бидат создадени во широк временски интервал, од IV - IX век[2]. Иако на теракотите навидум нема некои хронолошки чувствителни детали, се чини дека од некои од претставите можеме да извлечеме заклучок за периодот на нивното создавање.

При определување на најниската хронолошка рамка, од особена корист ни е теракотата со претстава на св. Ѓорѓи и св. Христофор (сл. 1). Св. Христофор, тука претставен како кинокефалос, е светител кој релативно рано влегува во кругот на мачениците - воини. Имено, неговата црква во Халкедон е изградена во 450 год., а осветена на 22 септември 452 од страна на епископот Еулалиј[3]. Оттогаш, всушност, и започнува да се шири неговиот култ на Истокот, што значи дека виничките теракоти во никој случај не можеле да настанат пред средината на V век[4].

[1] Z. Beldedovski - C. Krstevski, *Rekognosciranje na području opštine Makedonska Vinica*, Arheološki pregled 20, Beograd 1979, 153-159.

[2] За датирањето од IV–VI в., сп. К. Балабанов, *Виничко Кале, доцноримско утврдено кале*, Археолошки преглед 26, Љубљана 1986, 153; Х. Мелоски, *Керамичките икони од Виничко Кале*, Жива Антика 9, Скопје 1991, 179–186; за V-VI век, сп. Ц. Крстевски – З. Белдедовски, *Рекогносцирање и наоди околу Виница*, Macedoniae acta archaeologica 7-8, Скопје 1987, 153-166; К. Балабанов – Ц. Крстевски, *Керамичке иконе из Виниће*, Београд 1991, 20; Е. Димитрова, *Керамичките релјефи од Виничко Кале*, Скопје 1993, 207-213; за крајот на VI – почетокот на VII, cf. С. Пејић, *Изложба Ikone iz Makedonije у Загребу*, Саопштења Републичког завода за заштиту споменика културе 19, Београд 1987, 315-317 (крајот на VI век); К. Балабанов – Ц. Крстевски, *Теракотните икони од Виница*, Скопје 1991, 17; за крајот на VII – почетокот на VIII век, cf. K. Balabanov, *Vinica fortress. Mythology, religion and history written with clay*, Skopje 2011, 271–309; за IX век, сп. Б. Алексова, *Епископијата на Брегалница*, Прилеп 1989, 134; Д. Здравковски, *За датирањето на керамичките икони од Виница*, Македонско наследство 3, Скопје 1997, 60-67; Idem, *Два средновековни наода од Средна Брегалница*, Macedoniae acta archaeologica 15, Скопје 1999, 293-308; idem, *Датирањето на керамичките икони од Виница македонска*, Старохристијанска археологија во Македонија, ур. Блага Алексова, Скопје 2003, 239-254.

[3] H. Grégoire, *Inscriptions historiques byzantines, VI. St.Christophe et la cubiculaire Euphemie*, Byzantion 4, 1927-28, 461–465.

[4] Д. Ѓорѓиевски, *Култот на свети Христофор во Македонија*, Патримониум.мк 2, 2008-2009, 118.

1. Св. Христофор и св. Ѓорѓи

2. Исус Навин и Калеб (според Балабанов)

Од друга страна, определувањето на горната хронолошка рамка се чини многу потешко. Веќе изнесовме критика кон нивното датирање во IX век врз основа на иконографските карактеристики[5]. Имено, панцирите на Јошуа и Калеб (сл. 2) претставени на дел од теракотите, врз кои е и направено ваквото датирање, сами по себе се хронолошки нечувствителни, затоа што се варијација на познатите lorica squamata панцири користени од римската војска во долг временски период[6]. Поради својата ефикасност, панцирите ќе бидат преземени и од византиската армија и под имато klibanion нив ги среќаваме на најголемиот број средновековни претстави на светите воини[7], што значи дека секое хронолошко детерминирање врз база на овие претстави е методолошки погрешно. Од друга страна, и претставите на шлемовите од истиот релјеф се противат на датирањето во IX век. Тие покажуваат изразено варварско - северно влијание поради нивното прикажување со рогови. Поради тоа, во нив се препознаени т.н. cornuti (рогоносци)[8], варварска воена единица, која имала клучна улога во битката на Константин на Милвискиот мост[9]. Ваквите шлемови со рогови во IX век се сосема непознати во археологијата (дури и во Северна Европа)[10], но се далеку почести во римскиот и ранохристијанскиот период[11]. Инаку, ако ги исклучиме роговите, самиот шлем е комбинација од доцноантичкиот „baldenheim“ тип шлемови, со трн на врвот и парагнатиди[12] и типот беркасово, со штитник за нос (сл. 3, 7,8).[13] Поради тоа се поставува и прашањето дали претставените додатоци се навистина рогови, особено поради нивната неправилна поставеност (не се наоѓаат на средината на шлемот), односно дали можеме да ги доведеме во врска со претставите на полумесечина, регистрирана како атрибут на римските и еврејските богови?[14] Постојат и претстави на слични шлемови

[5] Idem, *Неколку археолошки наоди со претстави на светите воини*, Macedoniae acta archaeologica 20, Скопје 2011, 424-429.

[6] H.R. Robinson, *The armour of Imperial Rome*, London 1975, 153-161.

[7] T. Kolias, *Byzantinische Waffen*, Vienna 1988, 44-46, T. Dawson, *Kremasmata, Kabadion, Klibanion: Some aspects of middle Byzantine military equipment reconsidered*, Byzantine and Modern Greek Studies 22, Oxford 1998, 38 – 42; M.G. Parani, *Reconstructing the reality of images. Byzantine material culture and religious iconography (11th -15th century)*, Leiden - Boston 200, 104-112; P.L. Grotowsky, *Arms and armour of the warrior saints. Tradition and innovation in Byzantine iconography (843-1261)*, Leiden – Boston 2011, 137-151.

[8] Е. Димитрова, op. cit., 83.

[9] A. Alföldi, *Cornuti. A Teutonic contingent in the service of Constantine the Great and its decisive role in the battle at the Milvian Bridge*, Dumbarton Oaks Papers XIII, Washington 1959,169-185.

[10] L. Holmquist - Olausson, *Curious Birds - two Helmet (?) Mounts with a Christian Motif from Birka`s Garrison*, Cultural interaction between east and west, Stockholm 2007, 231-237.

[11] M.C Bishop - J.C.N. Coulston, *Roman military equipment*, Oxford 2006, 11, fig.3; R. D`Ammato - G. Sumner, *Arms and armour of Imperial Roman soldier*, London 2009, 178,fig.257.

[12] C. Miks, *Vom Prunkstück zum Altmetall. Ein Depot spätrömischer Helmteile aus Koblenz*, Mainz 2008, 14, Abb. 23.

[13] Ibid., Abb. 3.11

[14] E. Kantorowicz, *Gods in uniforms*, Proceedings of the American Philosophical Society 105 (1961), nr 4, 368-93, fig. 2, 19-21.

3. Исус Навин и Калеб (детаљ)

4. Св. Теодор (според Балабанов)

и во доцноантичката уметност, па би можеле да претпоставиме дека виничките шлемови, всушност, се невешти изведби токму на таквиот тип шлемови (тип. dunapentele/intercisa, сл. 9,10). Во секој случај, тие зборуваат за застарени влијанија во воената опрема, кои се чувствувале во V-VI век, а биле сосема отфрлени до IX век.

Веќе е посочена и една уникатност во теракотата со св. Ѓорѓи (сл.1). Имено, тој тука е претставен со брада и засега ова е единствена таква претстава на овој светител. Сите други, вклучувајќи ги најраните, се прилично унифицирани - светителот е млад, голобрад, со кадрава коса што му ги покрива ушите.[15] Знаејќи дека до целосна канонизација на ликовите на светителите доаѓа во периодот по иконоклазмот (843 год.)[16] и дека во VIII век било забрането претставување на ликовите на светците[17], очигледно е дека теракотите биле создадени пред да се јави иконоклазмот, односно пред 726 г. Неговата најрана датирана претстава - онаа на бронзениот крст од Емеса (Хоме), од последната четвртина на VI век, а особено претставата од Аполоновиот манастир во Бауит, која е истовремена или нешто помлада од претходната, веќе го прикажуваат на ист начин како и во периодот по иконоклазмот.[18] Тоа значи дека кон крајот на VI век, св. Ѓорѓи ја добил својата физиономија на млад, голобрад воин, и доста е веројатно дека виничките теракоти го илустрираат мученикот во неговата најрана фаза, односно дека настанале пред крстот од Емеса и фреските од Бауит.

Теракотата со св. Теодор (сл. 4), често именувана како Драконоубиец, исто така покажува тесни врски со доцноантичката уметност, кои се наполно туѓи за средновизантискиот период. Првин, светителот е сигниран само како Теодор (а не Тирон или Стратилат), што ни кажува дека настанала пред да се појави делењето на неговиот култ (кр. на X век)[19]. Особено е интересна главата на демо-

[15] М. Марковић, *О иконографији светих ратника и о претставама ових светитеља у Дечанима*, Зидно сликарство манастира Дечана. Грађа и студије, ур. В. Ј. Ђурић, Београд 1995 , 578-579; Ch. Walter, *The origins of the cult of saint George*, Revue des études byzantines 53, 1995, 318-320; idem, *The warrior saints in Byzantine art and tradition*, Aldeshot 2003, 123-125 (со цитираната литература).

[16] R. Cormack, *Painting after iconoclasm*, Iconoclasm, ed. A. Bryer - J. Herrin, Birmingham 1977,147-165; H. Maquire, *The Icons of their bodies*, *Saints and their images in Byzantium*, Princeton 2000, 100 - 106.

[17] C. Mango, *Historical introduction*, Iconoclasm, ed. A. Bryer - J. Herrin, 1-6.

[18] М. Марковић, op. cit., 578, sl. 26, 27.

[19] H. Delehaye, *Les légendes grecques des saints militaires,* Paris 1909, 15 - 19; Л. Мавродинова, *Св. Теодор - развитие и особености на иконографския му тип в средновековната живопис*, Известия на Института за искуствознание XIII, София 1969, 42 - 52; N. Oikonomides, *Le*

5. Две различни теракоти споени во една, т.н. „Судир на Бугарите со Склавините“ (според Балабанов)

нот која тој ја држи на копјето, затоа што постојат фрагменти од истиот калап што укажуваат дека св. Тедор убива човечка фигура (а не демон), која го сопира копјето со двете раце.[20] Оттука лесно е да заклучиме дека преставената глава на Дракон, всушност, е воена инсигнија, за која имаме многу податоци како во пишаните, така и во ликовните извори (сл. 11, 12). Главата на драконот како симбол влегува во Римската армија уште во II век, но во IV век станува официјален симбол на кохортата[21]. Како симбол во три димензии, таа се користи и во рановизантискиот период – како што не́ информира Маврикиј, кон крајот на VI век, секоја коњичка единица од 300 луѓе имала по двајца носачи на вакви инсигнии, наречени draconarii или bandofori, во зависност од тоа каква инсигнија носеле[22]. Draconarii-те се споменати и во X век – сепак, се чини дека постепено инсигнијата од тродимензионална станала дводимензионална, односно драконот бил илустриран на знамето, за разлика од драконите на запад, кои уште се тродимензионални.[23] Затоа можеме да кажеме дека теракотата со св. Теодор, всушност, го претставува светителот во пораните фази од неговото прикажување, кога се уште биле во употреба ваквите симболи во војската, и тоа како драконофор[24], а не драконоубиец, како што се опишува често.

Ова е во согласност и со развојот на иконографијата на овој светител. Имено, најстарата негова датирана претстава како коњаник што го убива змевот е дури од 915 – 921, [25] додека оние на кои е прикажан без коњ, како прободува змија, се од средината на VII век[26]. Истиот период (средината

dédoublement de saint Théodore et les villes d` Euchaita et d` Euchaneia, Analecta Bollandiana 104, Brussels 1986, 327 - 335; М Марковић., op. cit., 594-597; Ch. Walter, *Theodore, archetype of the warrior saints*, Revue des études byzantines 57, Paris 1999, 183 - 189.

[20] Е. Димитрова, op.cit., sl.21.

[21] J.C.N. Coulston, *The ``Draco`` Standard*, Journal of Roman Military Equipment Studies 2, 1991, 101 - 114; A. Babuin, *Standards and Insignia of Byzantium*, Byzantion 71:1 , Bruxelles 2001, 13 - 15.

[22] G. T. Dennis (ed.), *Das Strategikon des Maurikios* (CFHB XVII), Wien 1981, 424.4-5.

[23] A. Babuin, op. cit., 14,15.

[24] A. Babuin, op. cit., 14, fig. 10, R. Petrovich, *Military arms and equipment on ceramic icons from Vinica*, The Weapons and military equipment during the late antiquity and middle ages 4th – 15th centuries (Acta Musei Varnaensis I), 25, 31.

[25] S. Der Nersessian, *Aght`mar, Church of the Holly Cross*, Cambridge 1965, 19.

[26] Ch. Walter, *Saint Theodore and the dragon*, Through a glass brightly: studies in Byzantine and medieval art and archaeology, presented to David Buckton, Oxford 2003, 97, fig. 12.2, 12.3.



6. Цртеж според фотографијата бр. 5 (според Балабанов)

на VII век) е и terminus post quem за најстарите литературни извори за средбата на св. Теодор со змевот.[27] Од друга страна, од периодот на VI век се познати бронзените амулети од Анемуриум, кои имаат најмногу сличности со иконографијата на виничката претстава – на некои од нив е претставен јавач (идентификуван како Соломон), со знаменце или дракон на врвот од копјето, како прободува падната жена (демон), во придружба на стилизиран лав (сл. 13).[28] Застарениот начин на претставување на св. Теодор, како драконариј што убива човечка фигура, повторно го посочува VI век како најверојатен за настанувањето на теракотата.

Во 1999 г. на Виничкото Кале беше откриен фрагмент со коњаник што замавнува со мечот, на кој е испишан зборот BOLGAR. Фрагментот е објавен во последната монографија за Виничкото Кале и е вклопен со претходно најдените фрагменти во композиција која, според истражувачот, го илустрира судирот на Бугарите предводени од Кубер и Словените (Склавините) од крајот на VII век (сл. 5).[29] Ваквата идентификација може да има исклучително значење за датирањето на виничките теракоти – како долна граница би ги имале осумдесеттите години на VII век, а како горна периодот на иконоклазмот, со што теракотите идеално би се вклопиле кон крајот на VII и почетокот на VIII век. Меѓутоа, со подетална анализа може да заклучиме дека постојат големи разлики меѓу фотографијата од склопените фрагменти и цртежот на истите (сл. 6). [30] Како основна разлика би ја посочиле токму допирната точка меѓу левата и десната група коњаници. Веднаш пред коњот на фигурата препознаена како „Бугаринот Кубер“ се забележува опашка од друг коњ, која на цртежот не е прикажана, иако јасно е видлива. Тоа значи дека композицијата продолжувала надесно, со претстава на друг коњаник што јава на десната страна, пред „Бугаринот“. На втората реплика од десната половина, според која, всушност, е направен цртежот на композицијата, нема ни трага од распнатиот лак и стрелата, онака како што ја

[27] Ibid., 96.

[28] J. Russell, *The archaeological context of magic in the Early Byzantine period*, Byzantine Magic, ed. Henry Maquire, Washington 1995, 35–50; J. W. Nesbitt, *Apotropaic devices on Byzantine lead seals and tokens in the collections of Dumbarton Oaks and the Fogg Museum of Art*, Through a glass brightly: studies in Byzantine and medieval art and archaeology, presented to David Buckton, 107, 110, fig. 13.2, 13.10.

[29] K. Balabanov, *Vinica fortress. Mythology, religion and history written with clay*, 273 – 309.

[30] Cf. Ibid., 287, fig. 13.

7. Шлем тип „бајденхајм“

8. Шлем тип `„беркасово“

претставува цртежот.[31] Ваквата композиција во никој случај не би можела да се поврзе во целина со „Бугари и Склавини“, па затоа сме убедени дека двете половини на теракотата, всушност, припаѓаат на две различни теракоти, кои најверојатно не претставувале никакви сцени со историска тематика туку старозаветни битки.

На ваквата наша идентификација секако дека се противат натписите што се претставени на цртежот, каде што на десната група се чита SCLAVIGI, а на левата BOLGAR. Во овој случај, иако од две различни теракоти, натписите повторно би имале историска конотација. Меѓутоа, со повторна споредба на цртежот и фотографиите очигледно е дека на фотографиите со фрагменти од десната група се читаат единствено буквите SC над главата на коњот и буквата T (која ја нема на цртежот!) под ногата на долниот коњаник. Останатите букви од цртежот (LAVIGI, при што A е споено со V – нешто што го нема на ниедна друга теракота) воопшто не можат со сигурност да се препознаат на ниедна од двете реплики. Оттука лесно може да заклучиме дека буквите SC кои единствено може да се прочитаат со сигурност, всушност се остаток од SCS (SANCTUS), натпис што ги следи имињата на скоро сите светители на останатите теракоти[32] (св. Даниел[33], св. Теодор[34], св. Елисеј?,[35] св. Михаил[36]), поради што фигурата до натписот можеме да ја идентификуваме со фигура на светец.

Фигурата од левата страна на композицијата, идентификувана како „Бугарин“, односно нивниот водач Кубер, исто така, е проблематична за да ја определиме како најстара претстава на Бугарите.[37] Како прво, натписот започнува со крст како инвокација, и иако е точно дека означува почеток на пишувањето, наивно е да претпоставиме дека тоа е неговата основна функција, односно дека нема врска со христијанскиот симбол. А нема никаква логика како инвокација да се најде пред името на еден „Бугарин“! Ако повторно го споредиме цртежот со фотографијата, може да за-

[31] Cf. Ibid., 287, fig. 14.

[32] За натписите, cf. Х. Мелоски, op. cit., 179 – 186; N. Proeva, *Inscriptions sur les plaques de terre cuite de Viničko Kale en Macédoine*, Tranquillitas. Mélanges en l` honneur de Tram Tan Tihn, Québec 1993/94, 497 – 506.

[33] K. Balabanov, op. cit., 173, fig. 17.

[34] Ibid., 161, fig. 14.

[35] Е. Димитрова, op. cit., 84-88, sl. 2; K. Balabanov, op. cit., 185-186, fig. 22 (не ја идентификува сцената).

[36] Ibid., fig. 16.

[37] Ibid., 285.

9. Сиракуза, фреска од аркосолиумот во катакомбата Вила Марија

10. Реконструкција на шлем од типот Дунапентел – Интерциса



11. Дакиски драконофори од Трајановиот столб

бележиме дека вториот крст (кој би го означувал крајот на текстот), всушност не постои, односно е дел од ножот што виси на коланот на коњаникот, што ни кажува дека најверојатно натписот не завршувал тука. Понатаму, според авторот, целокупната претстава на коњаникот е типична за бугарските војсководци, со анџари и приврзоци на појасот.[38] Меѓутоа, според корпусот на сочувани мечеви и сабји во Бугарија од VI – IX век, ниту еден не одговара на претставата од теракотите.[39] Таму имаме мечеви и сабји со поиздолжено, често закривено и потенко тело. Прикажаниот меч го нема ни во претпоставената гробница на татското на Кубер, ханот Кубрат во Малаја Перешчепина.[40] Мечот од теракотите има многу поголеми аналогии со империјалните или доцноримските гладиуси, како најупотребувани мечеви во Римската Империја (сл. 14).[41] А „приврзокот“ што виси на коланот многу повеќе личи на нож отколку на приврзок, па затоа можеме да заклучиме дека нема никаква специфика во прикажаното, за да можеме со сигурност да ја препишеме на бугарски коњаник.[42] Секако дека најубедливиот доказ го дава натписот BOLGAR, кој е сместен

[38] Ibid., 280.

[39] В. Йотов, *Въоръжението и снаряжението от Българското средновековие (VII – XI век)*, 2004, 37-76, Н. Хрисимов, *Едно ранносредновековно прободно-сечащто оръжие (VI – VII век) от колекцията на НИМ*, Известия на Националния Исторически Музей XX, Велико Търново 2009, 52-61.

[40] Й. Вернер, *Погребалната находка од Малая Перешчепина и Кубрат-хан на Българите*, София 1987. Инаку, мечот од теракотата наликува на еден меч (или сабја – палаш?) од Перешчепина, кој не е објавен од Вернер. Сепак, нашата претстава има поширок клин и заострен врв, за разлика од украинскиот, cf. Н. Хрисимов, *За един комплект оръжие от Малая Перешчепина*, The Weapons and military equipment during the late antiquity and middle ages 4th – 15th centuries (Acta Musei Varnaensis I), 73 - 86

[41] М. Вујовић, *Два мача из Музеја града Београда*, Годишњак града Београда, XLVII – XLVIII, Beograd 2000 – 2001, 46 – 50.

[42] Се разбира, дури и да претставува приврзок, тоа во никој случај не е карактеристка само за бугарските воини.

12. Римски дракон, оригинален наод од Нидербајбер

под мечот и кој веројатно не завршува тука, затоа што не е даден во падеж. Меѓутоа, во сочуваните латински извори за Бугарите, тие секогаш се именувани како BULGARES/VULGARES,[43] односно Βουλγάρων во грчките извори,[44] а ниту еднаш како BOLGAR. Сето ова јасно укажува дека оваа претстава на коњаник не можеме така лесно етнички да ја класифицираме како Бугарин, од проста причина што немаме никакви вистински докази, ниту аналогии во која било сфера на уметничкото творештво или историските извори за такво нешто. Иако треба да почекаме додека да се открие вистинската десна половина од теракотата, претпоставуваме дека се работи за уште една старозаветна сцена која допрва треба да биде одгатната.

Постојат уште три фрагменти од непознати теракоти, објавени на сајтот на Виничкиот музеј, кои досега не се монографски обработени.[45] Првата и третата, кои илустрираат коњаник со крената рака што покажува кон ѕвезда или кон Месечината (еден од магите?), се чини дека се реплики од ист калап, додека втората теракота е реплика од ист калап со претстава на коњаник, која веќе е објавена (авторот ја поврзал со Пајоните, што е тешко веројатно).[46] Меѓутоа, на нив нема хронолошки чувствителни елементи, па нема да ги анализираме.

Од приложеното гледаме дека најмногу елементи одат во прилог на датирање на теракотите во VI век. Тешко е да претпоставиме во кој период тие биле депонирани како отпад, но се чини дека илустрирањето светци и латинските натписи биле

13. Соломон и демонот, амулет од Анемуриум

доволна причина тие да бидат уништени во времето на Лав III (717-741) – во тој период се јавува иконоклазмот, а територииите на денешна Македонија дефинитивно потпаѓаат под јуридискција на Константинопол во 733 г., што индицира и престанок на употребата на латинското писмо.[47] Засега немаме причина да веруваме дека тие содржат и историски сцени, па целото хронолошко определување може да го добиеме преку хагиографиите на прикажаните светители, иконографските, палеографските и стилските карактеристики.[48] Сепак, за најдобро да го согледаме времето на нивното создавање, но и уништување, потребно е да се објави целокупниот движен и недвижен археолошки материјал од локалитетот, како и неговиот стратиграфски однос со теракотите. Само така ќе го препознаеме вистинското значење на овие бисери од македонската почва.

[43] I. Dujčev et al. (ed), *Fontes latini historiae bulgaricae I,* София 1958, 298–303, 306 – 308, 313, 318, 333, 334, 337, 370, 386, 390, 393, 403, 404, 411, 412, 415–417.

[44] В. Бешевлиев (ed.) *Гръцки извори за българската история*, София 1954, 196 – 197, 212.

[45] http://muzejterakota.mk/novimotivi.html, последен пристап на 27. 03. 2012.

[46] K. Balabanov, op. cit., 71 – 77.

[47] Ch. Walter, *Saint Theodore and the dragon*, 98. За римската јуридискција на Балканот до средината на VIII век, cf. Г. Острогорски, *Моравска мисија и Византија*, Сабрана дела IV, Београд 1969, 70 – 71.

[48] Е. Димитрова, op. cit., 207–214. Стилските и палеографските карактеристики на теракотите покажуваат сличности и со изведбите во резбата откриена во Баргала, каде што во префурниумот на бањата, повторно како отпад, се најдени повеќе делови од резба во дрво со претстави на старозаветни сцени, животни и сл., датирани во IV–VI век, cf. З. Белдедоски, *Префурниум на Големата бања и Малата бања од Баргала*, Macedoniae acta archaeologica 18, Скопје 2008, 369 – 373. Оваа аналогија ми беше посочена од Љ. Џидрова, за што и изразувам благодарност.



14. Гладиус од Дубровица (според М. Вујовиќ)

Dejan GJORGJIEVSKI

CONTRIBUTION TO THE DATING OF THE VINICA TERRACOTAS

Summary

The unique examples of the terracotta reliefs from Vinica with Christian motifs applied on their surfaces have been dated so far in the period between IV – IX c. However, some of the iconographical features can give us valuable information about the period of their creation and destruction as well. The terminus post quem of the production of the terracotta's is given by the relief with the representation of St. Christopher and St. George (fig. 1). The spread of the cult of St. Christopher is clearly attested from the year 452, so the reliefs could not be created before this year. It`s much more difficult to conclude the terminus ante quem, but it is obvious that the theory of their production in the IX c., is less probable, because, as the main argument, the body armour from the terracotta with Joshua and Caleb is taken (fig. 2). It is true that this kind of scale cuirass was in use in the IX, but again, it is a variation of the well known roman lorica squamata. Moreover, it was in use through the whole byzantine period, and under the name klibanion, it is attested on lots of medieval`s depictions of warriors, so any chronological determination based on its appearance is methodologically incorrect. On the other side, the helmets with horns (if they are really horns) from the same relief (fig. 3) are showing close connections with the late antique helmets of Baldenheim (fig.7) and Berkasovo type (fig. 8), as well as with some of the illustrated helmets from the early Christian period (fig.9,10). The representation of St. George is also unique (fig.1). It is the single depiction of his portrait with beard. Knowing that the representations of the saints was defined after the iconoclasm (843), and that there were no depictions of saint`s from the 726, the period of the 7th century could be it`s terminus ante quem. But, the oldest preserved portraits of saint George from the end of 6th century, are already representing him without a beard, as an efebus, so there is a possibility that the terracotas are older, i.e. in the period before the end of the 6th c.

The reliefs with St. Theodore (fig.4), mostly explained as Dragon-slayer, is actually showing the saint represented as draconarius. Draconarii were roman and early byzantine standard – bearers, bearing the image of a dragon on the top of their lances (fig. 11,12). St. Theodore is therefore killing a human figure, not a dragon, as it is clearly visible on some of the preserved fragments. It is in accordance with the evolution of saint`s iconography – the oldest dated depiction of the saint, mounted on horse and killing the demon is from 915 – 921, while the ones without the horse are from the middle of the 7th century. The representation from Vinica is very close with the 6th c. amulets from Anemurium, with the image of a

standard-bearer mounted warrior, spearing a female demon (fig. 13). The newly found fragment with a horseman in the battle and the inscription read as ``Bolgar`` has recently been incorporated with some previous fragments in a composition called ``The battle between the Bulgars of the khan Kuber and Sclavenes``, (fig. 5,6) and therefore, dated at the end of 7th and beginning of the 8th century. But if we compare the photography and the drawing of the composition, we can see that they are very different. As most notable, in front of the ``Bulgar`s`` horse from the left side of the photo of the composition, a tale of another horse is clearly visible (not showed on the drawing), which means that the composition continued with another horseman on the right, and therefore, the side with the ``bulgars`` and the side with the ``sclavenes`` could not be parts of a same relief. Not even the bow of the lower, ``sclavene`` archer is visible as well. The name ``SCLAVIGI`` is also very problematic, since, according to the photo, only the first letters (SC) could be read for sure. The inscription SC is actually a part of SCS (short for SANCTUS), an inscription attested on most of the other representations of the saints from the terracotas. That's why, we believe that the right, ``sclavenes`` part is an Old Testament battle, and has nothing in common with the Slavs. The left, ``Bulgar`` part is also problematic for being recognized as the oldest representation of the Bulgarians. First of all, the inscription starts with the cross, and even if we know that the cross is pointing the beginning of the inscriptions, it`s religious role, as invocation of God, could not be excluded, and there is no logic for being stamped in front of the name of the Bulgar`s marauders. The representation of the ``Bulgarian khan Kuber`` is not even by chance typical just for Bulgarians – his sword, recognized as ``Bulgarian sword – handzar`` has much more in common with the late antique gladius or spata swords (fig. 14), than with the preserved early medieval swords attested on Bulgarian territory. The name Bolgar (and the inscription probably continued on the other, destroyed side) is also untypical for the oldest preserved sources about Bulgarians – they are always called B/Vulgares by the Latins, or Βουλγάρων by the Byzantines, but never as Bolgar. Therefore, there is a big lack of arguments to identify those horsemen as Bulgarians.

We can conclude that most of the facts are pointing to the 6th century, as the period when the terracotta reliefs were made. The reign of Leo III (717-741), when the iconoclasm started and when those regions were included definitely under the jurisdiction of Constantinople (and the latin inscription was abandoned) could be the period of their destruction, simply because they were opposite of the iconoclastic dogma and the inscriptions were not in Greek.